Врз основа на член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002), а во врска со член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл. Гласник на Град Скопје" бр.13/02 и "Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.13/06), и Програма Н1 и Програма НА за основно образование, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и третата пленарна седница одржана на 28 март 2019 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за условите и критериумите за доделување награди за најдобри наставници и стручни соработници од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се регулираат условите и критериумите за доделување награди за најдобри наставници и стручни соработници од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода (во натамошниот текст: Општина Кисела Вода), формирање и надлежност на Комисијата за спроведување на постапката (во натамошниот текст: Комисијата).

### Член 2

Доделување награди за најдобри наставници и стручни соработници од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода се врши согласно член 22, став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл. Весник на Р.М., бр. 5/2002 ), Програма Н1 и Програма НА за основно образование објавена во службеното гласило на општината за тековната година и одредбите на овој Правилник.

### Член 3

Висината на средствата за доделување награди од членот 2 на овој Правилник се предвидува во Буџетот на општината во Програмата Н1 и Програма НА за основно образование, за секоја година посебно, а кои се објавуваат во службеното гласило на општината.

Висината на еднократната парична награда ќе ја одреди Комисијата согласно предвидените средства во Програмата Н1 и Програма НА за основно образование за тековната година.

## III. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИ НАСТАВНИЦИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

## Член 4

- Кандидатите треба да ги исполнат следните општи услови и критериуми

1. Планирање, реализирање и организирање на наставата ( Годишно тематско планирање, дневно планирање, уредно пополнет дневник, уредно водење на е-дневник, навремено внесување на оцени, додатна и дополнителна настава)....................................................................................1 поен
2. Да применуваат иновативни наставни методи, форми и техники ..........................................1 поен
3. За својата работа добива признание од учениците, колегите, родителите и целата заедница.....................................................................................................................................1 поен
4. Да ги подготвуваат учениците да станат активни и одговорни граѓани.....................................1 поен
5. Соработка и работа со наставници, родители, со заедницата, споделува наставни материјали со колегите...................................................................................................................................... 1 поен
6. Учество во подобрување на училишната структура, организација на работата и училишната клима, креира развојни политики во училиштето..........................................................................1 поен
7. Изработка и примена на нагледни средства..........................................................................1 поен
8. Користи современи средства за комуникација за образовни цели ( е – пошта, социјални мрежи, блогови и сл....).......................................................................................................................1 поен
9. Учество во училишни инклузивни тимови...............................................................................1 поен
10. Учествува во работата на стручните активи (отворен час, презентација )..............................1 поен
11. Промовирање на училиштето ( медиуми, фестивали, настани организирани од општината)..............................................................................................................................1 поен
12. Споделување добри наставни практики во списанија и групи за просветни работници.......1 поен
13. наград а на училишен натпревар и училишен конкурс............................................................1 поен

## Член 5

- Кандидатите треба да ги исполнат следните посебни услови и критериуми

1. Да е вработен во воспитно – образовна установа на територија на Општина Кисела Вода верифицирана со акт од Министeството за образование и наука
2. Да имаат добиено потврди за менторство во последните 5 години на наградени ученици на општински, регионален, државен и меѓународен натпревар за предмети согласно настаните планови и програми за воспитно образовна дејност во основното образование, како и индивидуални награди за тековната година.

Се бодира само еднаш – највисоко постигнатиот резултат.

Индивидуални награди..........................................................................................................1 поен
Прво место општински натпревар..............................................................................................3 поени
Второ место општински натпревар.............................................................................................2 поени
Трето место општински натпревар.............................................................................................1 поен
Прво место регионален натпревар............................................................................................6 поени

Второ место регионален натпревар..........................................................................................................5 поени
Трето место регионален натпревар..........................................................................................................4 поени

Прво место државен натпревар..........................................................................................................9 поени
Второ место државен натпревар..........................................................................................................8 поени
Трето место државен натпревар..........................................................................................................7 поени

Прво место меѓународен натпревар..........................................................................................................12 поени
Второ место меѓународен натпревар..........................................................................................................11 поени
Трето место меѓународен натпревар..........................................................................................................10 поени

Дипломите од меѓународен натпревар се признаваат, ако претходно се поминати сите фази на натпревари на национално ниво

2.1. За оние предмети за кои нема организирани државни и меѓународни натпревари ќе се земат во предвид резултатите од општинските натпревари по следниве поени:

Прво место општински натпревар..........................................................................................................9 поени
Второ место општински натпревар..........................................................................................................8 поени
Трето место општински натпревар..........................................................................................................7 поени

3. Мислење од наставнички совет во училиштето во кое работи

4. Сертификати за учество во реализација на проекти и семинари кои се од значење за воспитно образовниот процес согласно наставните планови и програми за основно образование, добиени во последните 5 години од акредитирани установи и институции а се однесуваат на тековната година.

Координатор на проект..........................................................................................................2 поени
Учество и дисеминација на семинари и обуки..........................................................................1 поени
Член на тим ..........................................................................................................1 поен

5. Автор или коавтор на учебници, стручна литерстура и други написи..................................................1 поен

## IV. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИ СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

1.Стручните соработници да има имаат добиено потврди за менторство во последните 5 години, да имаат аплицирано и добиено проект или грант за училиште.

Индивидуални награди.......................................................................................................2 поени

Апликација.......................................................................................................................4 поени

Проект................................................................................................................................8 поени

Грант...................................................................................................................................12 поени

2.Сертификати за учество во реализација на проекти и семинари кои се од значење за воспитно образовниот процес согласно наставните планови и програми за основно образование, добиени во последните 5 години од акредитирани установи и институции а се однесуваат на тековната година.

Координатор на проект ..............................................................................................2 поени

Учество и дисеминација на семинари и обуки......................................................................2 поени

Член на тим ..........................................................................................1 поен

3. Автор или коавтор на учебници, стручна литература и други написи..................................................1 поен

4.Стручни трудови и апликации.......................................................................................................2 поени

5.Промовирање на училиштето( медиуми, фестивали, настани организирани од општината).......................................................................................................................2 поени

6.Споделување добри наставни практики во списанија и групи за просветни работници.....................2 поени

7.Учествува во акциски истражувања, студија на случај, споредбени анализи.......................................2 поени

8.Реализира работилници и други активности за превенција и други разни теми ( зависности, справување со насилство и разрешување конфликти, справување со дискриминиција, надминување на стереотипи и предрасуди...)......................................................................................................2 поени

9.Промовирање на иновативни приоди во наставата (иновативни техники и стратегии за поучување и др...)......................................................................................................2 поени

10.Организира и реализира групни и индивидуални советувања со родители за деца кои имаат проблем со учењето, несоодветно однесување и др.....................................................................................................2 поени

11.Води документација за професионален развој на наставниците, следи наставни и вонннаставни активности..........................................................................................................................................2 поени

12. Воспоставува процедури за целокупна педагошка евиденција за наставници и ученици...............2 поени

## IV. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИ НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

### Член 6

1. Постапката за доделување на награди за најдобри наставници и стручни соработници од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода ја спроведува Комисија која со решение ја именува Градоначалникот на Општина Кисела Вода. Комисијата за избор се состои од 15 члена и тоа: 5 членови на Советот на општината, 3 членови од редот на општинската администрација, 2 членови од Училишен Одбор на основното училиште, 2 членови од Совет на родителите, 2 членови од Наставнички совет и Директорот на основното училиште.
2. Комисијата објавува јавен оглас за избор на најдобри наставници и стручни соработници од општинските основни училишта на Општина Кисела Вода, кој се објавува на општинската веб страна и на огласните табли на општинските основни училишта и трае 5 дена.
3. Комисијата работи согласно насоките дадени во Правилникот за условите и критериумите за доделување награди за најдобри наставници и стручни соработници од општинските основни училишта на Општина Кисела Вода и е задолжена да врши стручно – техничка обработка на податоците од апликациите.
4. Комисијата е должна во рок од 3 дена од завршувањето на огласот да направи избор и рангирање на сите пријавени кандидати, кои ги исполнуваат условите и за истото да подготви записник, кој заедно со предлог одлука го доставува до Градоначалникот, кој носи Решение за наградување на најдобри наставници од општинските основни училишта на Општина Кисела Вода.
5. Незадоволните апликанти од финалниот избор и постапката по јавниот оглас имаат право на приговор во рок од 3 (три) дена сметано од денот на објавување на наградените на веб страната на Општина Кисела Вода. Приговорот се поднесува преку комисијата до градоначалникот на општината. Решението на градоначалникот по приговорот е конечно.

Член 7

Комисијата работи на состаноци што ги свикува и со кои раководи претседателот на Комисијата кој се грижи за правилно и законито работење на истата.

За текот на состаноците на Комисијата и за донесените одлуки се води Записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 8

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-2588/6
28 март 2019 година
С к о п ј е

ДН/РД

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ